Република Северна Македонија

**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за управување со човечки ресурси

Departamenti për menaxhimin e burimeve njerëzore

**Архивски број:** 04-8789/1

Скопје, 23-12-2020 година

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, и „Службен весник на РСМ" број 275/19 и 14/20), државниот секретар донесува:

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат по Интерен оглас број 3/2020 за унапредување на административен службеник во Министерство за економија**

1. Кандидатот Ениса Демеска по пат на Интерен оглас број 3/2020 се избира за работно место УПР0101Б04000 Раководител на Одделение за вработување, унапредување, мобилност и права од работен однос - Сектор за управување со човечки ресурси – 1 извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 3/2020, со архивски број 04-7854/6 од 23.12.2020 година.
3. Именованиот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.18-10809/2 од 07.02.2020 и заверено во писарницата на Министерството за економија под број 04-392/5 од 10.02.2020 година, државниот секретар упати барање до Секторот за управување со човечки ресурси бр.04-7854/1 од 16.12.2020 година, за објавување на интерен оглас во Министерството за економија.

По добиеното барање, Секторот за управување со човечки ресурси објави Интерен оглас број 3/2020 за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерството за економија, на ден 17.12.2020 година, на веб страната на Министерството и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за управување со човечки ресурси
Departamenti për menaxhimin e burimeve njerëzore

Под реден број 1. на Интерниот оглас е работното место УПР0101Б04000 Раководител на Одделение за вработување, унапредување, мобилност и права од работен однос - Сектор за управување со човечки ресурси – 1 извршител.
Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за унапредување на административен службеник формирана од страна на државниот секретар со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник бр.04-8289/1 од 18.12.2020 година, направи административна селекеција на пријавените кандидати кои ги исполнуваа условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за економија.
Врз основа на освоените бодови од административна селекеција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави Записник од административна селекција бр.04-7854/5 од 22.12.2020 година, за унапредување на административен службеник, Записник од спроведено интервју бр.04-7854/6 од 23.12.2020 година, за работно место под реден број 1. категорија Б4 и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 3/2020.
Врз основа на ранг листата државниот секретар донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.
По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на Одлуката.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,
Размена Чекиќ Дуровиќ

Изработил/Përpiloi: Адмира Дељевиќ, Admira Deljeviki
Контролирал/Kontrolloi: Марина Тодоровска, Marina Todorovska
Одобрил/ Aprovoi:Фатмире Хоџа, Fatmire Hoxha

ДОСТАВЕНО ДО:
*-именованиот административен службеник*
*-Сектор за управување со ЧР*
*-Архива*